# Европски суд за човекови права

# Прашања и Одговори

EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Прашања
# и
# Одговори

Овие прашања и одговори се изготвени од страна на Секретаријатот на Судот.

Овој документ не го обврзува Судот. Негова цел е да даде основни општи податоци за неговиот начин на работа.

За подетални информации, осврнете се на другите документи изготвени од страна на Секретаријатот, пред сѐ на Деловникот на Судот (овие документи се достапни на интернет страницата на Судот: www.echr.coe.int).

Европски суд за човекови права
Council of Europe
67075 Strasbourg cedex
France
www.echr.coe.int

## Што претставува Европскиот суд за човекови права?

Европскиот суд за заштита на човековите права е меѓународен суд со седиште во Стразбур. Бројот на судии е еднаков на бројот на земји - членки на Советот на Европа што ја ратификувале Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи – во моментов, тој број изнесува четириесет и шест[1]. Судиите при Судот заседаваат во лично својство и не претставуваат ниту една држава. При разгледувањето на жалбите на Судот му помага Секретаријат, составен од правници од сите земји - членки (тнр. ‘правни секретари’). Тие се потполно независни од земјата од која потекнуваат, и не ги претставуваат ниту жалителите, ниту државите.

## Што претставува Европската конвенција за заштита на човековите права?

Европската конвенција за заштита на човековите права е меѓународен договор што може да го потпишат само државите -членки на Советот на Европа. Конвенцијата, со која се основа Судот и со која се утврдува начинот на неговото функционирање, содржи листа на права и одредби што државите се обврзале да ги почитуваат.

1 Сите држави членки не ги ратификувале сите Протоколи кон Конвенцијата (инструменти со кои се утврдуваат дополнителни права). Информации во врска со ова може да најдете на нашата Интернет страница.

## Со што се занимава Европскиот суд за човекови права?

Судот ја спроведува Европската конвенција за човековите права. Негова задача е да следи дали државите ги почитуваат правата и одредбите утврдени со Конвенцијата. Таа задача Судот ја врши преку разгледување на жалбите (тнр. « апликации ») што ги поднесуваат физички лица, или во одредени случаи, држави. Кога ќе утврди дека некоја од земјите - членки повредила едно или повеќе од тие права и одредби, Судот донесува пресуда. Пресудите се со обврзувачки карактер: државите на кои се однесуваат донесените пресуди имаат обврска да постапат во согласност со нив.

## Кога можам да поднесам жалба до Европскиот суд за човекови права?

Жалба до Судот може да поднесете доколку сметате дека Вие лично и непосредно сте жртва на повреда на некое од правата и одредбите што се утврдени со Конвенцијата или нејзините Протоколи. Повредата мора да е извршена од страна на некоја од државите што ја ратификувале Конвенцијата.

### Кои права се заштитени со Конвенцијата и нејзините Протоколи?

Со Конвенцијата, се заштитуваат, пред сè, следните права:

- правото на живот;
- правото на правично судење во граѓанска и кривична постапка;
- правото на почитување на приватниот и семејниот живот;
- слободата на изразување;
- слободата на мисла, совест и вероисповед;
- правото на ефикасен правен лек;
- правото на мирно уживање во сопственоста; и
- правото на глас и учество во избори.

### Што се забранува со Конвенцијата и нејзините Протоколи?

Со Конвенцијата се забрануваат, пред сè, следните работи:

- тортурата и нечовечкото или понижувачко постапување или казнување;
- произволното и незаконито притворање;
- дискриминацијата во уживањето на правата и слободите гарантирани со Конвенцијата;
- протерувањето на сопствени државјани од страна на државата или забрана за нивен влез во државата;
- смртната казна; и
- колективното протерување на странци.

## Кои услови треба да ги исполнам за да поднесам жалба?

### Кои се условите што се однесуваат лично на мене?

- Не мора да бидете државјанин на некоја од државите што ја ратификувале Конвенцијата. Но, повредата на која се жалите мора да била извршена од страна на една од тие држави и во рамките на  нејзината 'јурисдикција', што најчесто се поистоветува со нејзината територија.

- Жалител може да биде физичко лице или правен субјект, како на пример претпријатие или здружение.
- Мора лично и непосредно да сте биле жртва на повредата на која се жалите. На пример, не може да доставите општа жалба во однос на некој закон или мерка бидејќи сметате дека се неправични, ниту може да се жалите во име на други лица (освен во случај кога нивниот идентитет е јасно утврден и Вие сте нивен овластен правен застапник).

## Дали е потребно да поведам постапка пред домашните судови пред да поднесам жалба до Судот?

- Да. Мора да ги исцрпите сите правни лекови во државата против која се жалите, а со кои може да се разреши ситуацијата којашто е предмет на Вашата жалба (обично, тоа значи дека треба да поднесете тужба до надлежниот суд, а потоа, доколку тоа е можно, треба да поднесете жалба, и дури да се обратите до највисоката надлежна судска инстанца, како на пример до Врховниот или Уставниот суд, доколку таков суд постои во државата против која се жалите).
- Не е доволно само да ги искористите постоечките правни лекови. Притоа мора да ги изложите Вашите жалбени наводи (односно, суштината на повредата на Конвенцијата на која се повикувате).
- Вашата жалба може да ја поднесете само во рок од четири месеци од денот на конечната одлука на домашно ниво (обично тоа е датумот на пресудата на највисоката надлежна судска инстанца). По истекот на тој рок Судот не може да ја прифати Вашата жалба.

## Против кого можам да поднесам жалба?

- Против една или повеќе држави - потписнички на Конвенцијата, кои според Вас (со своето делување или неделување што директно Ве засегнале) ја прекршиле Европската конвенција за заштита на човековите права.
- Може да се жалите само поради делувањето или неделувањето на еден или повеќе органи на државна власт на државата против која се жалите (на пример, судски или административен орган).
- Судот не може да разгледува жалби против поединци или приватни установи, како на пример трговски претпријатија.

## Во врска со што можам да се жалам?

- Вашата жалба мора да се однесува на едно од правата утврдени во Европската конвенција за човекови права. Повредите на кои се повикувате може да се однесуваат на различни области опфатени со Конвенцијата, како на пример: тортурата и лошото постапување со лица лишени од слобода; незаконскиот притвор; пропустите во граѓанската и кривичната постапка; дискриминацијата во примената на правата утврдени со Конвенцијата; родителските права, почитувањето на приватниот и семејниот живот, домот и преписката; ограничувањето на правото на слобода на изразувањето и на правото на примање или пренесување информации; ограничувањето на правото на слободата на собирање и здружување; протерувањето и екстрадицијата; конфискацијата на имот и експропријацијата.
- Вашата жалба може да се однесува само на повреда на Европската конвенција за заштита на човековите права, а не на повреда на некој друг нормативен акт, како на пример на Универзалната декларација за човековите права или на Повелбата за основните права.

## Како да поднесам жалба до судот ако сметам дека сум жртва на повреда на Конвенцијата?

Испратете до Судот уредно пополнет и потпишан образец за поднесување жалба[2]. Образецот за поднесување жалба, заедно со сите релевантни дополнителни документи, мора да бидат испратени по пошта на следната адреса:

**The Registrar**
**European Court of Human Rights**
**Council of Europe**
**67075 Strasbourg cedex**
**France**

☞ Во преписката со Судот може да користите еден од неговите службени јазици (англиски и француски), или службен јазик на некоја од државите што ја ратификувале Конвенцијата.

☞ Ве молиме да имате предвид дека е бескорисно да го испраќате образецот за поднесување жалба по факс бидејќи со тоа нема да биде прекинато течењето на рокот за поднесување жалба до Судот предвиден со Конвенцијата. Судот ќе го земе во предвид само оригиналниот образец за поднесување жалба испратен по пошта.

☞ Не доаѓајте во Стразбур со цел усно да ја изложите Вашата жалба. Тоа нема да има никакво влијание на брзината со која ќе биде разгледана Вашата жалба, и нема да добиете никаков правен совет.

☞ Секретаријатот може да побара од Вас да доставите дополнителни документи, информации или објаснувања во врска со Вашата жалба.

☞ Симнете го образецот за поднесување жалба од интернет страницата на Судот, пополнете го внимателно и читко, потпишете го и испратете го до Судот во најкраток можен рок. Образецот мора да ги содржи следните информации:

- кратко резиме на фактите и Вашите жалбени наводи;
- индикација за правата предвидени со Конвенцијата за кои сметате дека биле повредени во Вашиот предмет;
- информација за тоа кои домашни правни средства веќе сте ги исцрпеле;
- копии од сите одлуки донесени во Вашиот предмет од страна на надлежните државни органи (овие докумени нема да ви бидат вратени, затоа треба да доставите само копии од истите); и
- Ваш потпис како жалител, или потпис на Вашиот застапник.

☞ Доколку не сакате Вашиот идентитет да биде достапен за јавноста, мора веднаш да го информирате Судот за тоа, наведувајќи ги причините за таквото барање. Претседателот ќе донесе одлука за тоа дали Вашето барање е оправдано.

☞ Во оваа фаза од постапката не мора да имате адвокат. Сепак, доколку сакате жалбата до Судот да ја поднесете со посредство на застапник, тогаш мора да го пополните и потпишете соодветното поле на образецот за поднесување жалба.

### Кои се главните карактеристики на постапките?

☞ Постапката се води во писмена форма. За сите одлуки што Судот ги донел во врска со Вашиот предмет ќе бидете информирани во писмена форма. Јавни расправи се одржуваат само во исклучителни случаи.

☞ Вашата жалба ќе биде разгледана бесплатно.

☞ Иако во почетната фаза од постапката не мора да имате адвокат, доколку Судот донесе одлука да ја извести Владата за Вашата жалба, ќе треба да назначите адвокат. Сепак, најголемиот број од доставените жалби се прогласуваат за недопуштени без Владата да биде известена за нив.

2 Образецот за поднесување жалба може да го најдете на нашата Интернет страница.

- Вие ќе ги сносите трошоци во врска со Вашата жалба (како на пример адвокатските хонорари или трошоците поврзани со истражувањето и преписката).
- Откако ќе поднесете жалба до Судот, може да поднесете и барање за правна помош. Правна помош не се доделува по автоматизам, и обештетувањето не се доделува веднаш, туку во подоцнежна фаза од постапката.

## Кои се главните фази на постапката?

- Судот најпрво мора да утврди дали Вашата жалба е допуштена. Тоа значи дека жалбата мора да исполнува одредени услови кои се утврдени во Конвенцијата. Доколку тие услови не се исполнети, Вашата жалба ќе биде отфрлена. Доколку во Вашата жалба сте изнеле повеќе жалбени наводи, Судот може да прогласи еден или неколку од нив за допуштени и да ги отфрли останатите.
- Доколку Судот донел одлука за тоа да ја прогласи Вашата жалба или некој од Вашите жалбени наводи за недопуштени, таквата одлука е конечна и не може да биде обжалена.
- Доколку Вашата жалба или некој од Вашите жалбени наводи се прогласени за допуштени, Судот ќе ги охрабри странките (Вас и државата против која се жалите) да постигнат пријателско спогодување. Доколку не се постигне пријателско спогодување, Судот ќе ја разгледува основаноста на жалбата – поточно, ќе оцени дали во конкретниот случај имало повреда на Конвенцијата.

## Колку долго ќе треба да чекам?

- Како резултат на тековната преоптovареност на Судот, може да чекате една година пред Судот да започне со прелиминарното разгледување на Вашата жалба. Некои жалби може да бидат третирани како итни и може да му се даде приоритет на нивното разгледување, посебно во случај кога на жалителот му се заканува непосредна животна опасност.



# Што можам да се надевам дека ќе добијам?

Доколку Судот оцени дека во Вашиот предмет имало повреда на Конвенцијата, може да досуди правичен надоместок, што е парична оштета за претрпената штета. Судот исто така може да побара од државата да Ви ги надомести трошоците што сте ги имале во врска со Вашата жалба. Доколку Судот оцени дека во Вашиот предмет немало повреда на Конвенцијата, Вие нема да сносите дополнителни трошоци (на пример, од Вас нема да се бара да ги надоместите трошоците што ги имала држава).

**Имајте ги во предвид следните работи:**

- Судот нема овластување да отповикува одлуки донесени од домашните судови, ниту да укинува национални закони.
- Судот не е одговорен за извршувањето на пресудите. По донесувањето на пресудата, надлежноста преминува на Комитетот на министри[3] на Советот на Европа, кој има задача да го надгледува извршувањето на пресудата и да ја гарантира исплатата на евентуалната оштета.

3 Комитетот на министри се состои од министрите за надворешни работи на земјите-членки или од нивни претставници.

## Што не може да направи за мене Европскиот судот за човекови права?

- ☞ Овој Суд не е апелационен суд во однос на националните судови и не може повторно да го преиспита предметот, ниту да ги поништува, менува или ревидира одлуките на националните судови.
- ☞ Судот не може директно во Ваше име да интервенира кај органот на државна власт со кој е поврзана Вашата жалба. Сепак, во исклучителни случаи, Судот може да определи времена мерка. Во пракса, тоа се случува само во предметите во кои постои сериозна индикација за тоа дека жалителот се наоѓа во животна опасност.
- ☞ Судот не може да Ви помогне да најдете адвокат, ниту да ги платите трошоците за адвокат кој би ја составил Вашата жалба.
- ☞ Судот не може да Ви даде информации во врска со правните одредби кои се на сила во државата против која се жалите.

# Прашања и Одговори

European Court of Human Rights
Council of Europe
67075 Strasbourg cedex
France

www.echr.coe.int

MKD

Design: © ECHR - Photo: © Shutterstock